Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

# ЦЕНАТА НА ПРАВДАТА: ВЛИЈАНИЕТО НА СУДСКИТЕ ТРОШОЦИ И БЕСПЛАТНАТА ПРАВНА ПОМОШ ВРЗ ПРИСТАПОТ ДО ПРАВДА НА ЖЕНИТЕ ШТО ПРЕТРПЕЛЕ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

**Автори:**

Стојан Мишев
Делфина Тодоровска

**Консултант и уредник:**

Деби Будлендер

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

2026

KVINNA KVINNA

Оваа публикација е целосно или делумно финансирана од Шведската агенција за меѓународна развојна соработка (SIDA) и Kvinna till Kvinna. SIDA и Kvinna till Kvinna не мора да се согласуваат со изразените мислења. Авторот е единствено одговорен за содржината.

# Содржина

1. ВОВЕД....4

2. МЕТОДОЛОГИЈА....5

3. КЛУЧНИ НАОДИ....6

4. ПРЕПОРАКИ....12

5. ПОДАТОЦИ ЗА ГРАЃАНСКИТЕ СУДСКИ ПОСТАПКИ....13

5.1. Постапка за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство....16

5.2. Постапка за развод на брак....23

5.3. Постапка за издршка....33

5.4. Постапка за старателство....37

# 1. ВОВЕД

Олеснувањето на пристапот до правда за жените што претрпеле семејно насилство претставува еден од стратешките приоритети во работата на Здружението ЕСЕ. Судската заштита е клучен механизам преку кој жените можат да обезбедат заштита од насилството и да ги решат правните проблеми што произлегуваат од него. Сепак, пристапот до судска заштита не зависи само од постоењето на законски механизми, туку и од нивната практична достапност, финансиските можности на жените и нивната способност навремено да ги користат.

Оваа анализа претставува продолжение на претходните истражувања на ЕСЕ за влијанието на судските трошоци врз пристапот до правда за жените што претрпеле семејно насилство. Претходните анализи покажаа дека, и покрај законските измени со кои се намалија судските такси и се проширија можностите за бесплатна правна помош, финансиските бариери, недоволната информираност и ограниченото користење на постојните механизми и понатаму претставуваат значајна пречка за остварување на судската заштита.

Во 2025 година, ЕСЕ повторно го спроведе истражувањето со цел да утврди дали во меѓувреме се подобрил пристапот до правда за жените што претрпеле семејно насилство. Анализата не се ограничува само на висината на судските такси, туку го разгледува вкупниот финансиски товар од водењето на судските постапки, вклучително и трошоците за адвокатско застапување, вештачење, распределбата на трошоците од страна на судот, користењето на бесплатната правна помош и влијанието што овие фактори го имаат врз одлуката на жените да поведат постапка и врз нивната перцепција за правичноста на судските постапки.

Истражувањето ги опфаќа најчестите судски постапки што ги водат жените по семејното насилство, односно постапките за привремени мерки за заштита, развод на брак, старателство и издршка. Покрај финансиските аспекти, анализата дава увид и во искуствата на жените, нивната информираност, очекувањата и перцепцијата за правичноста на судските постапки.

Резултатите имаат за цел да придонесат кон понатамошно подобрување на законската рамка, судската практика и механизмите за бесплатна правна помош и ослободување од судски трошоци, со цел жените што претрпеле семејно насилство навремено, ефикасно и без дополнителни финансиски пречки да ги остварат своите права.

## 2. МЕТОДОЛОГИЈА

Основна цел на анализата е утврдување на влијанието на судските такси и трошоци врз можноста за решавање на правните проблеми со кои се соочуваат жените кои се поврзани со семејното насилство, како што се привремените мерки за заштита (ПМЗ), развод на брак, старателството и издршката за децата, поделба на имот, надомест на штета и други.

Основа за подготовка на анализата се спроведените интервјуа за утрдување на личното искуство на 54 кориснички на услуги на Центарот за правна помош (ЦПП) при ЕСЕ во текот на 2025 година, поделени во две групи:

- 33 жени веќе воделе или тековно водат судски постапки,
- 26 жени ќе водат судски постапки од ваков вид, односно нивните предмети биле во фаза на подготовка во периодот на спроведување на интервјуата[1].

Податоците од **демографската структура** на жените се следните:

- Поголемиот дел од жените се на **возраст** од 20 до 50 години (50 од 59), додека помал дел од нив се на возраст над 50 години (9 од 59).
- Според **националноста/етничката припадност** најголемиот дел од жените се Македонки (46 од 59), по што следат Албанките (7 од 59), а помалку се застапени Србинките (4 од 59) и Ромките (2 од 59).
- **Образованието** варира од основно образование до постдипломски студии, а најголемиот дел од жените имаат завршено средно образование (41 од 59) и додипломски студии (13 од 59).
- Во врска со **работниот статус**, најголемиот дел од жените се формално вработени (46 од 59), а помал дел се невработени (8 од 59).
- Според **висината на личните нето приходи**, поголемиот дел од жените заработуваат од 30.001 до 45.000 денари (27 од 59), по што следат жените кои заработуваат од 15.001 до 30.000 (18 од 58), а во најнеповолна положба се 8 жени кои немаат лични приходи.
- Само 4 жени се кориснички на **социјална парична помош**.
- Во однос на **имотната состојба**, две третини од жените не поседуваат личен имот (38 од 59), додека 35% поседуваат имот на свое име (18 од 59).

[1] 5 жени беа вклучени во двете групи, односно беа консултирани за личното искуство во однос на постапки кои веќе ги воделе, како и постапките кои треба да ги водат во иднина

# 3. КЛУЧНИ НАОДИ

Збирните наоди во овој дел претставуваат сумиран преглед на клучните заклучоци од анализата на поединечните постапки. Анализата ги опфати четирите најчести судски постапки што ги водат жените жртви на семејно насилство: постапка за привремени мерки за заштита (ПМЗ), развод на брак, издршка и старателство.

Иако секоја постапка има различен правен карактер и цел, анализата покажува заеднички структурни предизвици поврзани со информираноста, финансиските ризици, распределбата на трошоците и перцепцијата за правичноста на судските одлуки.

Во пракса, овие постапки често не се изолирани. Жените паралелно или последователно водат повеќе постапки (развод, старателство, издршка, ПМЗ), при што финансискиот и психолошкиот товар се акумулира, наместо да биде ограничен на една судска процедура.

### 1. Судските постапки се користат за обезбедување сигурност, а не за економска стабилност

Анализата покажува дека **жените кои претрпеле семејно насилство најчесто ги иницираат и водат оние судски постапки кои ги сметаат за неодминливи за нивната непосредна заштита и за продолжување на животот со децата**. Тоа се постапките за привремени мерки за заштита (ПМЗ), развод на брак, старателство и издршка.

Најчесто иницирана постапка е разводот на брак (39 жени), по што следат постапките за ПМЗ (19 жени), издршка (10 жени) и старателство (7 жени).

Овие постапки се перципираат како основа за физичка безбедност, правно регулирање на односите со децата и обезбедување средства за нивната основна егзистенција:

- **ПМЗ** обезбедува итна заштита од насилство и спречување на негово повторување.
- **Разводот** овозможува формален излез од насилната заедница и претставува правна основа за уредување на прашањата поврзани со децата, вклучително и старателството и издршката.
- **Старателството** го уредува вршењето на родителските права и е особено значајно како посебна постапка за жените кои живееле во вонбрачна заедница или бараат измена на претходна судска одлука.
- **Издршката**, како самостојна постапка, вообичаено се води за зголемување на веќе определената издршка поради зголемената возраст и потреби на децата и има за цел обезбедување средства за нивните основни потреби.

Истовремено, значително **поретко се иницираат постапки** кои можат да придонесат за **подобрување на економската состојба** на жените на долг рок, како што се постапките за **поделба на заеднички имот или за надомест на штета** од претрпеното насилство.

Ваквите наоди потврдуваат дека приоритет на жените е стабилизирање на непосредната состојба и обезбедување сигурност, додека долгорочната економска стабилност останува во втор план, често **поради ограничени финансиски капацитети, сложеноста на**

**постапките и дополнителниот психолошки товар** што го носат долготрајните судски спорови, повторното соочување со сторителот и неизвесноста околу исходот.

### 2. Бесплатната правна помош постои во законот, но речиси не се користи во пракса

Законот за бесплатна правна помош[2] предвидува можност за одобрување на бесплатна секундарна правна помош, која подразбира назначување на адвокат и покривање на сите судски трошоци во постапките пред надлежните судови за граѓаните кои се наоѓаат во неповолна финансиска состојба и не се во можност да ги платат трошоците во постапките. Жените што претрпеле семејно насилство се изричито препознаени како категорија корисници на секундарна правна помош во итната судска постапка за изрекување на привремени мерки за заштита (ПМЗ) врз основа на нивниот статус на жртва, односно без исполнување на општите законски критериуми (член 20, „Одобрување на секундарна правна помош без утврдување на финансиската состојба"). За останатите граѓански судски постапки ова право можат да го остварат врз основа на исполнување на законски предвидените финансиски и имотни критериуми (чл. 17-20 од Законот).

И покрај ваквата законска рамка, анализата покажува дека во пракса користењето на секундарната правна помош преку Министерството за правда е незначително:

- во постапките за ПМЗ ниту една жена не користела секундарна правна помош преку Министерството за правда;
- во постапките за развод само 2 од 29 жени користеле ваква помош;
- во постапките за издршка и старателство ниту една жена не користела секундарна правна помош.

Постојат повеќе причини за ваквата состојба. Дел од жените не се доволно информирани за ова право. Процедурата за поднесување барање за остварување на правото се перципира како сложена и административно оптоварувачка. Во постапките каде што се применуваат општите критериуми, како што се постапкат за развод, старателство, имотни спорови и другите, дел од жените не ги исполнуваат финансиските услови поради формална вработеност или поседување имот, иако економска состојба е неповолна и реално не можат да ги платат судските трошоци.

Основна причина за некористење на секундарна правна помош во постапката за привремени мерки за заштита (ПМЗ) е тоа што во пракса речиси сите жени ја водат оваа постапка преку Центрите за социјална работа, кои согласно закон се овластени подносители на предлог во име на жртвата[3]. Сепак жените кои ќе се решат да ја водат оваа постапка преку Министерство за правда се соочуваат со административна пречка за остварување на секундарна правна помош. Имено, остварувањето на правото е условено со обезбедување потврда за статус на жртва од страна на Центарот за социјална работа. Ова претставува дополнителна административна пречка, бидејќи утврдувањето на

---

[2] Службен весниик на РСМ, Бр. 101/2019
[3] Закон за превенција и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, Службен весник на РСМ, Бр. 24/2021

статусот може да трае подолго, особено во случаи на психолошко или економско насилство кои потешко се препознаваат од страна на практичарите во ЦСР. Иако ваквите случаи не се чести во примерокот, постоењето на ваква процедура претставува структурен ризик за навремено остварување на правото на бесплатна правна помош.

Од аспект на трошоци на постапката, во најнеповолна состојба се наоѓаат жените кои самостојно треба да ја водат оваа постапка, односно треба да ги надоместат трошоците за судски такси и другите судски трошоци. Од жените опфатени со ова истражување, само една жена самостојно ја водела постапката за ПМЗ, додека останатите ја воделе преку Центарот за социјална работа. Жената која самостојно постапувала тоа го сторила поради незадоволство од постапувањето на Центарот и поради итноста на ситуацијата.

### 3. Можноста за ослободување од плаќање на трошоци е недоволно позната и ретко се користи

Законот за парнична постапка[4] предвидува можност судовите да ги ослободат од плаќање на судски такси и другите судски трошоци лицата кои не се во можност да ги надоместат овие трошоци без да ја загрозат сопствената и издршката на своето семејство.

Сепак, анализата покажува дека ова право практично не се користи. Во постапките за ПМЗ ниту една жена не поднела барање за ослободување, додека во постапките за развод само 3 од 37 жени поднеле или планирале да поднесат такво барање. Дополнително, и кога барањето било поднесено, ослободувањето било само делумно и не ги опфатило сите трошоци на постапката.

Анализата покажува дека тоа се должи на повеќе меѓусебно поврзани причини:

• **Недоволна информираност**. Голем дел од жените не знаат дека постои можност да бидат ослободени од плаќање на судските трошоци. Во постапките за ПМЗ, 13 од 18 жени не знаеле дека можат да бараат ослободување од плаќање на судските трошоци; во постапките за развод, 18 од 29 жени не биле целосно запознаени со ова право, додека во постапките за издршка третина од жените не знаеле дека постои ваква можност.

• **Перцепција дека не ги исполнуваат законските услови**. Дел од жените сметаат дека поради формална вработеност, поседување имот или други приходи немаат право да бараат ослободување од трошоците, иако нивната реална економска состојба е неповолна.

• **Сложена и административно оптоварувачка постапка.** Поднесувањето на барање за ослободување подразбира прибирање документација и исполнување на законски услови, што кај дел од жените создава дополнителен товар и ги обесхрабрува да го користат ова право.

Овие наоди покажуваат дека постоењето на законската можност само по себе не е доволно. Без навремено информирање на жените и поедноставување на процедурите,

[4] Службен весниик на РСМ, Бр. 79/2005

правото на ослободување од плаќање на судските трошоци останува недоволно искористен механизам за заштита на економски ранливите жени.

### 4. Запознаеноста со судските такси е делумна и нерамномерна

Анализата покажува дека жените генерално се свесни дека судските постапки носат одредени трошоци, но нивната запознаеност со структурата и конкретната висина на тие трошоци е нерамномерна и често ограничена.

- Во постапките за ПМЗ, само 4 од 18 жени биле целосно информирани за висината на судските такси, додека половина од жените (9 од 18) воопшто не биле запознаени.
- Во постапките за развод, информираноста е повисока кај жените кои веќе ја воделе постапката (19 од 29 биле запознаени со сите трошоци), меѓутоа информираноста кај жените кои допрва ќе ја водат постапката е значително пониска.
- Во постапките за издршка, сите жени знаат дека се плаќа судска такса, но околу половина не го знаат точниот износ.
- Во постапките за старателство се забележува релативно висока информираност за судските такси, но ограничено познавање на потенцијалните дополнителни трошоци, како што се вештачење и адвокатско застапување.

Општо земено, жените знаат дека постојат судски трошоци, но често не ја знаат нивната реална висина и вкупниот финансиски ризик што може да произлезе од постапката. Ова особено се однесува на потенцијалните дополнителни трошоци, како што се вештачење и адвокатско застапување или можноста да бидат заолжени да ги надоместат и трошоците на спротивната страна во постапката. Оваа нецелосна информираност може да влијае врз нивната подготвеност да поведат постапка, врз очекувањата што ги имаат од исходот, како и врз нивната способност навремено да ги планираат финансиските обврски поврзани со судскиот процес.

### 5. Судските такси се формално ниски, но вкупниот финансиски товар е висок и непредвидлив

Иако судските такси формално се релативно ниски, тие мора да се разгледуваат во контекст на економската состојба на жените. Дел од нив живеат со ограничени приходи, самостојно се грижат за децата и се соочуваат со зголемени трошоци за живот по разводот или разделбата. Во такви услови, и „ниските“ судски такси можат да претставуваат дополнителен финансиски притисок.

Сепак, финансискиот товар на постапките не ги опфаќа само судските такси. Во пракса, жените се соочуваат со трошоци за вештачење, адвокатски трошоци, дополнителни административни трошоци, ризик од задолжување со трошоци на спротивната страна, односно неизвесност околу конечната распределба на трошоците од страна на судот.

Финансиските можности за надоместување на овие трошоци од страна на жените што претрпеле семејно насилство се навистина ограничени:

- Во постапката за развод, 10 од 39 жени не можат да ги платат трошоците за вештачење, додека 23 од 39 не можат да одредат дали би можеле да ги платат;
- Во постапките за старателство, 5 од 7 жени не можат да платат адвокат.
- Во постапките за издршка, половина од жените не го знаат реалниот трошок што може да настане.

Овие наоди покажуваат дека вистинскиот финансиски ризик во судските постапки не произлегува од самите судски такси, туку од дополнителните и често непредвидливи трошоци. Неизвесноста околу тоа кој на крајот ќе ги сноси трошоците дополнително го зголемува чувството на финансиска несигурност и ризик кај жените.

### 6. Судската распределба на трошоците создава формална еднаквост, но реален финансиски товар за жените

Кога судот одлучува трошоците да се поделат „подеднакво“, тоа значи дека и двете страни се задолжени да ги сносат судските трошоци. Сепак, еднаквата поделба на трошоците не значи дека финансискиот товар е навистина еднаков.

При донесување на одлуката за распределба на трошоците, судот вообичаено не ја зема предвид фактичката економска состојба на странките, ниту специфичниот контекст на семејното насилство. Во ситуација кога жената има пониски приходи, самостојно се грижи за децата и располага со ограничени ресурси, „подеднаквата“ распределба води кон нееднаквост.

Во постапките за развод, во 16 од 19 завршени предмети трошоците биле поделени подеднакво. Дури и во случаи кога жените добиле развод и старателство, намалувањето на побараниот износ на издршка се третира како „делумен успех“, што резултира со поделба на трошоците меѓу странките.

Во постапката за ПМЗ, единствената жена која самостојно ја водела постапката била задолжена да плати 60.000 денари по одбивање на предлогот, што претставува значителен финансиски товар во контекст на итна постапка за заштита.

Овие наоди укажуваат дека формалната примена на правилата за распределба на трошоци може да произведе несразмерен ефект врз економски поранливата страна. Наместо да ја намалат финансиската несигурност, судските постапки во одредени случаи ја продлабочуваат.

### 7. Судските постапки носат висок психолошки товар и амбивалентна перцепција на правичност

Анализата покажува дека сите судски постапки претставуваат извор на стрес и психолошки товар за жените. Дури и кога судските трошоци не го загрозуваат животниот стандард на жените и нивните деца, постапките се доживуваат како емоционално исцрпувачки. Стресот произлегува од неизвесноста, должината на постапките, соочувањето со сторителот и ризикот од финансиско задолжување.

Во постапката за развод, 21 од 29 жени ја оцениле постапката како „многу“ или во „многу голема мера“ стресна. Овој податок покажува дека судскиот процес не претставува само правна процедура, туку тешко лично и емотивно искуство.

Во постапката за ПМЗ, и покрај итниот карактер и ниските судски такси, сите жени ја оцениле постапката како високо стресна. Ова покажува дека финансискиот аспект не е единствениот фактор, чувството на ранливост и директното соочување со насилството имаат подеднакво силно влијание.

Особено значаен е наодот дека во постапката за развод 25 од 29 жени не можат да одредат дали исходот ја надоместил претрпената штета. Ова укажува на јаз помеѓу формалниот правен исход и субјективното чувство на правда. Иако постапката формално завршува со судска одлука, за многу жени таа не носи чувство на целосна компензација, ниту емоционална, ниту економска. Разводот е неопходен чекор за излез од насилната заедница, меѓутоа за жените распаѓањето на семејството претставува голема лична загуба, што влијае врз нивната перцепција на исходот, независно од одлуката на судот.

Кај постапките за издршка и старателство примерокот е помал, но се забележува сличен тренд: постапките се перципираат како неопходни, но не и како процеси што обезбедуваат сигурност без дополнителен товар.

Дополнително, се забележува разлика помеѓу очекувањата и реалното искуство. Жените кои допрва ќе ја водат постапката имаат повисоки очекувања за фер исход, додека искуството на оние кои веќе ја поминале постапката покажува поамбивалентна перцепција. Ова упатува дека искуството од водењето на постапката, особено нејзината должина, неизвесноста, финансиските ризици и емоционалниот товар, влијае врз начинот на кој жените го оценуваат нејзиниот исход и правичноста на постапката.

## 8. Клучен збирен заклучок

Судските постапки претставуваат неопходен механизам за заштита и регулирање на правата на жените и нивните деца. Тие се клучен инструмент за обезбедување безбедност, уредување на родителските права и обезбедување средства за егзистенција на децата.

Сепак, анализата покажува дека покрај заштитната функција, овие постапки создаваат значителен психолошки и финансиски товар. Иако судските такси формално не се високи, ризикот од дополнителни трошоци, како што се вештачење, надоместување на трошоци на спротивната страна и поделба на трошоците во случај на делумен успех, создава чувство на неизвесност и финансиска ранливост.

Жените влегуваат во постапките со очекување за заштита и правичност, но реалното искуство често вклучува висок степен на стрес, делумна правна сатисфакција и ограничено чувство дека претрпената штета е надоместена.

Оттука, судските постапки не се доживуваат само како инструмент за правна заштита, туку и како процес што бара дополнителна издржливост, финансиска, психолошка и институционална.

Овие наоди укажуваат дека пристапот кон судските трошоци и бесплатната правна помош треба да се разгледува низ призмата на родовата и економската ранливост на жените, а не само низ формално-правни критериуми.

## 4. ПРЕПОРАКИ

**1. Олеснување на пристапот до бесплатна правна помош**

- Да се изменат одредбите од Законот за бесплатна правна помош, така што жените што претрпеле семејно насилство да имаат право на секундарна правна помош врз основа на статусот на жртва во сите судски постапки поврзани со семејното насилство (развод, старателство, издршка, поделба на имот, надомест на штета и други), без утврдување на финансиската и имотната состојба.
- Да се воведе обврска Центрите за социјална работа, полицијата и судовите при првиот контакт со жртвата да ја информираат за правото на секундарна правна помош, условите за негово користење и постапката за негово остварување.
- Да се поедностави постапката за докажување на статусот на жртва и да се отстранат административните пречки што произлегуваат од обезбедувањето потврда од Центарот за социјална работа или полицијата, со цел жените навремено да го остварат правото на секундарна правна помош.

**2. Зголемување на искористеноста на правото на ослободување од плаќање на судските трошоци**

- Да се воведе обврска судовите по службена должност да ги информираат жените за можноста да побараат ослободување од плаќање на судските трошоци и за условите за негово остварување.
- Судовите доследно да ја применуваат законската можност ослободувањето да ги опфати не само судските такси, туку и другите трошоци на постапката, особено трошоците за вештачење, кога нивното плаќање би претставувало пречка за водење на постапката.

**3. Подобрување на информираноста за судските трошоци и финансиските последици од судските постапки**

- Да се обезбедат едноставни и јасни информации за жените што претрпеле семејно насилство, во однос на судските такси, дополнителните судски трошоци, распределбата на трошоците и можностите за ослободување од нив.
- Да се изготват унифицирани информативни материјали за секој вид постапка, кои ќе им бидат достапни на жените преку судовите, Центрите за социјална работа, подрачните одделенија за правда и граѓанските организации.

**4. Унапредување на судската практика при одлучувањето за судските трошоци**

- Судовите да ја земаат предвид економската состојба на странките и специфичниот контекст на семејното насилство, а не само формалниот успех во постапката.
- Да се преиспита судската практика според која жените се задолжуваат да ги сносат дел од судските трошоци и во случаи кога ги оствариле своите суштински барања (развод и старателство), само затоа што судот досудил понизок износ на издршка од побараниот.

## 5. ПОДАТОЦИ ЗА ГРАЃАНСКИТЕ СУДСКИ ПОСТАПКИ

Решавањето на правните проблеми на жените е клучно за нивниот самостоен живот и постигнување на благосостојба за нив и нивните деца по напуштањето на насилната заедница. Значајно е да се напомене дека жените имаат повеќекратни правни потреби за чие решавање е неопходно да водат посебни постапки пред судовите. Скоро половина од жените воделе по една постапка (28 од 59), една третина од нив воделе две постапки (19 од 59), а една петина од жените воделе 3 и повеќе судски постапки за решавање на проблемите со кои се соочиле/соочуваат (12 од 59).

Во просек секоја жена се соочува со повеќе од два правни проблеми кои изискуваат судска разрешница (2.3). Овој податок е добиен преку кумулативно собирање на податоците за постапките кои ги воделе/водат жените (66), постапките кои ќе ги водат (44), како и постапките од кои се откажале жените (39), како и нивна поделба со вкупниот број на жени опфатени со истражувањето (59). Просечниот број на постапки кои ги водат, воделе или ќе ги водат жените е помал и изнесува 1.8 постапки во просек за секоја жена (поради изземени постапки од кои се откажале).

***Табела 1. Број на постапки***

| Број на постапки | Жени кои воделе/водат | | Жени кои ќе водат | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Број на жени | Број на постапки | Број на жени | Број на постапки | |
| **1 постапка** | 16 | 16 | 12 | 12 | 28 |
| **2 постапки** | 9 | 18 | 10 | 20 | 19 |
| **3 постапки** | 2 | 6 | 3 | 9 | 5 |
| **Повеќе од 3 постапки** | 6 | 26 | 1 | 4 | 7 |
| **ВКУПНО** | 33 | 66 | 26 | 45 | 59 |

### Вид на правни потреби

Во однос на структурата на правните потреби на жените од граѓанско-правна природа, најзастапени се постапките за развод на брак кои ги водат/воделе или ќе ги водат две третини од жените (39 од 59), како и постапките за изрекување на привремени мерки за заштита (ПМЗ) кај една третина од жените (19 од 59) [5]. Скоро третина од жените воделе, водат или ќе водат постапка за определување на издршката (10 од 59) и/или старателството за децата(7 од 59). Помалку се застапени постапките за делба на имот и надомест на штета, како и постапката за иселување. Покрај граѓанско-правните проблеми, дел од жените се соочуваат и со кривични постапки за кривични дела како резултат на семејно насилство (11 од 59), како и кривичните дела „неплаќање на издршка“ и „непочитување“ на судската одлука со која биле изречени привремените мерки за заштита.

Податоците за финансиската и имотната состојба на жените, како и финансиските можности за надоместување на судските трошоци, покажуваат дека во пракса жените се соочени со ограничени можности и се приморани да бираат за кои правни проблеми ќе бараат судска разрешница. Во суштина дел од правните потреби остануваат нерешени поради неможност за поведување на судски постапки од страна на жените. Во пракса вообичаено жените ги водат оние судски постапки кои ги сметаат за неодминливи, односно неопходни за да се заштитат од насилството и продолжат со самостоен живот со нивните деца (ПМЗ, развод, старателство и издршка). Поради ограничените финансиски можности, жените многу помалку се вклучуваат во судските постапки кои впрочем долгорочно можат да придонесат за подобрување на нивната економска благосостојба, како што се постапката за делба на имот и надомест на нематеријална штета. Значителен дел од жените се откажале од водење на судски постапки за решавање на проблемите со кои се соочуваат. Загрижува тоа што ¾ од жените се откажале од постапката за изрекување на привремени мерки за заштита (24 од 33), додека помал дел од нив се откажале од кривичната постапка против сторителите (5 од 33). Повеќе од петина од жените се откажале од постапките за делба на имот (6 од 33). Потребно е дополнително анализирање на причините поради кои жените се откажуваат од водење на судските постапки кои практично се наменети за решавање на проблемите со кои се соочуваат, особено ако се земе предид дека најчесто се откажуваат од постапкатата за изрекување на ПМЗ преку кои се обезбедува итна заштита од насилството.

[5] Реалните потреби за водење на оваа постапка се уште поголеми, доколку се додаде и бројот на судски постапки од ваков вид кои не биле поведени од страна на жените.

***Табела 2. Видови на судски постапки***

| Видови на судски постапки | Број на жени која ја водат/воделе | Број на жени кои ќе водат | Вкупно постапки кои ги водат/ воделе/претстојат | Постапки од кои се откажале |
|---|---|---|---|---|
| **Граѓански судски постапки** | | | | |
| **Изрекување на привремени мерки за заштита (ПМЗ)** | 10 | 9 | 19 | 24 |
| **Развод на брак** | 29 | 10 | 39 | 2 |
| **Старателство за деца** | 2 | 5 | 7 | 0 |
| **Издршка за деца** | 2 | 8 | 10 | 0 |
| **Делба на имот во кој се спори сопственоста (ПП)** | 2 | 5 | 7 | 5 |
| **Делба на имот во кој не се спори сопственоста (ВПП)** | 2 | 2 | 4 | 1 |
| **Иселување** | 2 | 3 | 5 | 0 |
| **Надомест на штета** | 1 | 2 | 3 | 2 |
| **Одземање на родителско право** | 1 | 0 | 1 | 0 |
| **Други постапки** | | | | |
| **Кривична постапка за сторени кривични дела за семејно насилство** | 10 | 1 | 11 | 5 |
| **Кривична постапка за кривично дело „неплаќање на издршка“** | 1 | 0 | 1 | 0 |
| **Кривична постапка за кривично дело „непочитување на судска одлука“ за ПМЗ** | 2 | 0 | 2 | 0 |
| **Вонсудска спогодба за делба на имот** | 1 | 0 | 1 | 0 |
| **Управен спор против решение на Центар за социјална работа (ЦСР)** | 1 | 0 | 1 | 0 |
| **ВКУПНО** | **66** | **45** | **111** | **39** |

Во следниот дел се сумирани податоците за посебните судски постапки, вклучително во однос на природата на самата постапка, запознаеноста на жените со видот и висината на судските трошоци, искористеноста на можностите да бидат ослободени од плаќање на трошоците или правото на бесплатна правна помош, распределбата на трошоците од страна на судот и финансиските можности на жените за надоместување на судските трошоци.

## 5.1. Постапка за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство

### 1. Карактер на постапката и бесплатна правна помош

Постапката за изрекување на привремени мерки за заштита е уредена со Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и за разлика од останатите семејни спорови, оваа постапка има изразено итен и превентивен карактер, со цел да се запре тековното насилство, да се спречи негово повторување и да се намалат последиците врз жртвата и нејзините деца. Судот може да изрече една или повеќе привремени мерки, како што се забрана за приближување и контактирање, отстранување на сторителот од домот, забрана за поседување оружје, задолжително лекување или психосоцијален третман, како и други мерки со кои се обезбедува безбедноста на жртвата.

Во анализата се опфатени 18 жени:

- 9 жени ја воделе или ја водат постапката;
- 9 жени допрва ќе ја водат постапката.

Иако Законот за бесплатна правна помош им овозможува на жените што претрпеле семејно насилство да ја водат оваа постапка преку адвокат обезбеден од Министерството за правда, ниту една од испитаничките не го искористила ова право. Во практика, постапката речиси секогаш се поведува преку Центарот за социјална работа, што ја прави институционалната поддршка клучен предуслов за пристап до судска заштита. Дополнително, користењето на секундарната правна помош е условено со обезбедување потврда за статус на жртва, што може да го одложи пристапот до правна поддршка и во постапка која по својата природа треба да обезбеди итна заштита.

### 2. Пристап до постапката

Иако постојат повеќе законски механизми за обезбедување правна помош, пристапот до постапката за изрекување на привремени мерки за заштита во пракса речиси целосно зависи од Центарот за социјална работа. Самостојното водење на постапката и користењето на секундарната правна помош преку Министерството за правда речиси не се препознаваат како реална можност од страна на жените.

### Улогата на Центарот за социјална работа

Во пракса, постапката најчесто се иницира преку Центарот за социјална работа. Од 10 жени кои ја воделе или ја водат постапката, 9 ја воделе преку ЦСР, додека само една жена ја водела самостојно. Сите 9 жени кои допрва ќе ја водат постапката сметаат дека ЦСР може да им помогне преку правна помош и застапување, а 7 од нив очекуваат и финансиска поддршка за плаќање на судските трошоци. Овие податоци покажуваат дека ЦСР има централна улога  и жените го перципираат како примарен механизам за поведување на постапката за ПМЗ.

### *Бесплатна правна помош речиси не се користи*

Иако Законот за бесплатна правна помош им овозможува на жените што претрпеле семејно насилство постапката за изрекување на привремени мерки за заштита да ја водат преку адвокат обезбеден од Министерството за правда, во пракса ова право речиси не се користи. Постапката најчесто се поведува преку Центарот за социјална работа, кој согласно Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство е овластен подносител на предлог за изрекување на привремени мерки за заштита. Во истражувањето ниту една од испитаничките не ја искористила можноста за секундарна правна помош преку Министерството за правда. Дополнително, користењето на ова право е условено со обезбедување потврда за статус на жртва издадена од Центарот за социјална работа или полицијата. Во пракса, тоа значи дека жената не може веднаш да поднесе барање за секундарна правна помош, туку најпрво мора да го докаже својот статус на жртва. Доколку пријавата е поднесена во Центарот за социјална работа, издавањето на потврдата може да се одложи поради потребата од дополнително утврдување на фактите, особено во случаи на психолошко или економско насилство, кои потешко се препознаваат и документираат. На тој начин, пристапот до бесплатна правна помош зависи од претходното постапување на друга институција, што ја одложува можноста жената навремено да добие правна поддршка во постапка која по својата природа треба да обезбеди итна заштита.

### *Самостојното водење на постапката не се перципира како реална можност*

Иако две третини од жените знаат дека постапката може да ја водат самостојно, речиси ниту една не смета дека тоа е реално возможно. Главните причини се страв од соочување со насилникот, недоволна запознаеност со потребната документација и недостаток на правно знаење.

*Табела 3. Причини поради кои не можат самостојно да ја водат постапката*

| Причини | Жени кои водат/воделе | Жени кои ќе водат | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Не бев во можност да платам за судски трошоци | 0 | 0 | 0 |
| Не бев запозната со потребните документи за водење на п-ката | 3 | 6 | 9 |
| Стравував да се соочам со насилникот | 7 | 4 | 11 |
| Поради сите горенаведени причини | 2 | 5 | 7 |
| Немав правно познавање | 4 | 0 | 4 |

### 3. Финансиски аспекти на постапката

Иако постапката за изрекување на привремени мерки за заштита е најмалку финансиски оптоварувачка, жените не се доволно информирани за судските трошоци, можностите за ослободување од нив и потенцијалниот ризик од задолжување.

#### Запознаеност со судските трошоци

Најголемиот дел од жените се запознаени дека во постапката се плаќаат судски такси за тужба, пресуда и жалба. Сепак, дел од нив не се целосно информирани за сите видови судски трошоци што можат да настанат во текот на постапката.

*Табела 4. Запознаеност со судски трошоци во постапката*

| Вид на трошок | Жени кои водат/воделе | Жени кои ќе водат | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Судски такси за предлог | 2 | 0 | 2 |
| Судски такси за жалба | 0 | 0 | 0 |
| Судски такси за одлука | 1 | 0 | 1 |
| Сите горенаведени | 2 | 5 | 7 |
| Не знам | 5 | 4 | 9 |
| **ВКУПНО** | **10** | **9** | **19** |

#### Запознаеност со висината на судските такси

Иако повеќето жени знаат дека постојат судски такси, нивната информираност за точната висина на овие трошоци е ограничена. Половина од жените не го знаат точниот износ на судските такси, што укажува дека постои потреба од појасно информирање уште пред поведување на постапката.

*Табела 5. Запознаеност со висината на судските такси*

| Висина на судски такси за предлог, жалба и одлука | Судски такси за предлог (А) | | Судски такси за жалба (Б) | | Судски такси за одлука (В) | | Вкупно по категорија | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1** | **2** | **1** | **2** | **1** | **2** | **А** | **Б** | **В** |
| **480/960/480** | 3 | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 | 5 | 3 | 4 |
| **Не го знае точниот износ** | 2 | 3 | 4 | 2 | 2 | 3 | 5 | 6 | 5 |
| **Не знае** | 4 | 4 | 3 | 6 | 5 | 4 | 8 | 9 | 9 |
| **ВКУПНО** | **9** | **9** | **9** | **9** | **9** | **9** | **18** | **18** | **18** |

### Запознаеност со можноста за ослободување од плаќање на трошоците

И покрај тоа што Законот за парнична постапка предвидува можност за ослободување од плаќање на судските трошоци, најголемиот дел од жените не се запознаени со ова право. Недоволната информираност претставува една од главните причини поради која оваа можност речиси не се користи.

*Табела 6. Запознаеност со можноста да бараат ослободување од плаќање на трошоци*

| Вид на трошок | Жени кои водат/воделе | Жени кои ќе водат | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Судски такси за предлог** | 2 | 0 | 2 |
| **Судски такси за жалба** | 0 | 0 | 0 |
| **Судски такси за одлука** | 1 | 0 | 1 |
| **Сите горенаведени** | 2 | 2 | 4 |
| **Не знам** | 6 | 7 | 13 |

### Кој ги информира жените

Информациите за судските трошоци жените најчесто ги добиваат од Центрите за социјална работа и граѓанските организации, додека судовите и другите институции

имаат ограничена улога во нивното информирање. Ова укажува дека не постои систематски пристап за навремено информирање на жените за нивните права и финансиските обврски.

*Табела 7. Кој ги информира жените за судските трошоци*

| Извор на информација | Жени кои водат/воделе | Жени кои ќе водат | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Суд** | 0 | 0 | 0 |
| **Институции** | 1 | 2 | 4 |
| **Граѓански организации** | 4 | 4 | 8 |
| **Адвокат** | 1 | 3 | 4 |
| **Роднини, пријатели** | 1 | 2 | 2 |
| **Друго, од претходно искуство во постапката** | 0 | 2 | 1 |

### Користење на правото на ослободување од плаќање на трошоците

Иако постои законска можност за ослободување од плаќање на судските трошоци, ниту една од жените не поднела барање за користење на ова право. Ова е резултат на недоволната информираност, но и на перцепцијата дека не ги исполнуваат условите за негово остварување.

### Финансиски можности

Повеќето жени можат да ги надоместат судските такси во оваа постапка, што е очекувано со оглед на нивната релативно ниска висина. Сепак, финансиската проценка најчесто се однесува само на судските такси, а не и на евентуалните дополнителни трошоци што може да настанат.

*Табела 8. Финансиски можности за плаќање  на судските такси*

| Финансиски можности за плаќање  за предлог, жалба и одлука | Судски такси за предлог (А) | | Судски такси за жалба (Б) | | Судски такси за одлука (В) | | Вкупно по категорија | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | А | Б | В |
| **480/960/480** | 8 | 9 | 6 | 8 | 7 | 7 | 17 | 14 | 14 |
| **Не можам да платам** | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 1 |
| **Не  можам да одредам** | 0 | 0 | 2 | 1 | 1 | 2 | 0 | 3 | 3 |
| **ВКУПНО** | **9** | **9** | **9** | **9** | **9** | **9** | **18** | **18** | **18** |

Иако судските такси во постапката за изрекување на привремени мерки за заштита се релативно ниски, анализата покажува дека жените немаат целосна слика за финансиските последици од постапката. Недоволната информираност не се однесува само на висината на судските такси, туку и на можностите за ослободување од нив, како и на ризикот од дополнителни трошоци во случај на неповолен исход. Во постапка која има за цел да обезбеди итна судска заштита, ваквата неизвесност може дополнително да влијае врз подготвеноста на жените да ги остварат своите права.

## 4. Судска пракса во распределба на трошоци

Во пракса, постапката за изрекување на привремени мерки за заштита најчесто ја поведува Центарот за социјална работа во име на жртвата. Во такви случаи, жените вообичаено не се изложени на плаќање судски такси и другите судски трошоци, што значително го намалува финансискиот товар од постапката.

Доколку жената самостојно ја поведе постапката, таа се соочува со обврска да ги авансира судските трошоци, вклучително и судските такси, евентуалните трошоци за прибавување докази и вештачења, како и другите трошоци што можат да настанат во текот на постапката. Дополнително, во зависност од исходот на постапката и одлуката на судот, постои ризик да биде задолжена да ги надомести и судските трошоци на спротивната страна.

Во истражувањето е евидентиран еден случај во кој жена самостојно ја повела постапката поради незадоволство од постапувањето на Центарот за социјална работа и поради итноста на ситуацијата. По одбивањето на предлогот, судот ја задолжил да ги надомести судските трошоци во износ од околу 60.000 денари.

## 5. Постапување на Центарот за социјална работа

Жените генерално се задоволни од поддршката што ја добиваат од Центарот за социјална работа при поведувањето на постапката за изрекување на привремени мерки за заштита. Сепак, дел од нив укажуваат на слабости во навременоста на постапувањето, проценката на ризикот и квалитетот на обезбедената поддршка. Овие слабости се особено значајни бидејќи во најголем број случаи токму Центарот го поведува постапувањето пред судот. Затоа, секое одложување во неговото постапување го одложува и обезбедувањето на итната судска заштита, оставајќи ги жените подолго време изложени на ризик од повторување на насилството.

Од девет жени кои ја воделе постапката преку Центарот за социјална работа, четири биле целосно задоволни од неговото постапување, три биле делумно задоволни, а две изразиле незадоволство.

*Табела 9. Ниво на задоволство од постапувањето на ЦСР*

| Ниво на задоволство од постапувањето на ЦСР | Број на жени |
|---|---|
| **Да, потполно** | 4 |
| **Да, делумно** | 3 |
| **Не сум задоволна** | 2 |
| **ВКУПНО** | **9** |

## 5. Оценка на постапката

Покрај финансиските аспекти од постапката, анализата ја разгледува и перцепцијата на жените за судската заштита што ја добиваат. Оценката за правичноста на постапката и нејзиниот исход, како и влијанието што постапката го има врз нивниот живот, претставуваат значајни показатели за тоа дали судската заштита ги исполнува своите цели. За да се согледа влијанието на непосредното искуство врз оваа перцепција, анализирани се одговорите на две групи жени, оние кои веќе ја воделе постапката и оние кои допрва ќе ја водат. Кај првата група се оценува нивното искуство со постапката, а кај втората очекувањата од нејзиниот тек и исход.

*Табела 10. Оценка од страна на жените кои ја воделе постапката*

| Аспекти за оценување | Фер судска постапка | Фер исход | Исходот ја надоместил штетата | Исходот вреди во однос на потрошени средства, време, стрес и др. | Негативно влијание на постапката врз животот на жените |
|---|---|---|---|---|---|
| **Многу мала мера** | / | / | / | / | / |
| **Малку** | / | / | / | / | / |
| **Средно** | 1 | 1 | 1 | 2 | / |
| **Многу** | 1 | 1 | / | / | 1 |
| **Многу голема мера** | 4 | 4 | / | 1 | 5 |
| **Не можат да одредат** | 3 | 3 | 8 | 6 | 3 |
| **ВКУПНО** | **9** | **9** | **9** | **9** | **9** |

*Табела 11. Очекувања на жените кои допрва ќе ја водат постапката*

| Аспекти за оценување | Фер судска постапка | Фер исход | Исходот ја надоместил штетата |
|---|---|---|---|
| Многу мала мера | / | / | 1 |
| Малку | / | 1 | 2 |
| Средно | 5 | 4 | 2 |
| Многу | 2 | 3 | 4 |
| Многу голема мера | 1 | / | / |
| Не можат да одредат | 1 | 1 | / |
| **ВКУПНО** | **9** | **9** | **9** |

Иако примерокот е мал, резултатите покажуваат дека постапката за изрекување на привремени мерки за заштита се доживува како неопходен механизам за обезбедување итна заштита, но истовремено и како високо стресна постапка. Стресот не произлегува само од судската постапка, туку и од неизвесноста околу исходот, ризикот од повторување на насилството и потребата во краток рок да обезбеди докази и заштита за себе и своите деца.

Споредбата помеѓу искуствата на жените кои веќе ја поминале постапката и очекувањата на оние кои допрва ќе ја водат покажува одредени разлики во перцепцијата. Жените без лично искуство имаат повисоки очекувања за фер постапка и ефикасна судска заштита, додека оние кои веќе ја поминале постапката даваат повнимателни оценки за нејзината правичност и ефективност. Ова укажува дека непосредното искуство со постапката влијае врз тоа како жените ја оценуваат правичноста и ефикасноста на судската заштита.

И покрај тоа што постапката за изрекување на привремени мерки за заштита е формално најбрзиот и најмалку финансиски оптоварувачки механизам за судска заштита, искуството на жените покажува дека нејзината ефективност зависи од навремената институционална поддршка, информираноста за правата и можноста за брз пристап до судска заштита.

## 5.2. Постапка за развод на брак

### 1. Карактер на постапката и бесплатна правна помош

Постапката за развод на брак е најчесто користената судска постапка кај жените што претрпеле семејно насилство. Таа не претставува само формален прекин на брачната заедница, туку и основа за понатамошно уредување на родителските права и издршката на децата. Иако Законот за бесплатна правна помош овозможува користење секундарна

правна помош и во оваа постапка, анализата покажува дека ова право речиси не се користи.

Постапката за развод на брак претставува основна граѓанска судска постапка преку која формално се прекинува брачната заедница. За жените што претрпеле семејно насилство, разводот претставува неопходен чекор за излез од насилната заедница и создавање услови за самостоен живот. Во најголем број случаи, во рамките на истата постапка се одлучува и за вршењето на родителските права, доверувањето на децата и издршката, поради што разводот има пошироко значење од самиот престанок на бракот. Оваа постапка е најчесто иницираната судска постапка кај жените опфатени со анализата. Од вкупно 59 испитанички, 39 ја воделе или планираат да ја поведат оваа постапка, од кои 29 веќе ја воделе или ја водат, а 10 допрва ќе ја поведат.

Иако Законот за бесплатна правна помош овозможува користење секундарна правна помош и во постапките за развод, ова право речиси не се користи. Главни причини се недоволната информираност, неисполнувањето на финансиските услови и обезбедената поддршка од граѓанските организации. Како резултат на тоа, најголемиот дел од жените самостојно ја водат постапката и сами ги сносат финансиските ризици поврзани со неа.

### 2. Финансиски аспекти на постапката

За разлика од постапката за привремени мерки за заштита, разводот претставува значително покомплексна и финансиски понеизвесна постапка. Иако судските такси во постапката за развод не се високи, анализата покажува дека жените немаат целосна претстава за вкупниот финансиски товар што го носи постапката. Недоволната информираност не се однесува само на судските такси, туку и на дополнителните трошоци, можностите за ослободување од нив и финансиските последици што можат да произлезат во текот на судската постапка. Финансиските можности на жените за надоместување на трошоците се ограничени.

Податоците во однос на запознаеноста со видовите судски трошоци покажуваат јасна разлика помеѓу жените кои веќе ја воделе постапката и оние кои допрва ќе ја водат. Жените со претходно искуство значително почесто се целосно запознаени со сите судски трошоци што може да настанат во текот на постапката, додека кај жените кои допрва ќе ја иницираат постапката познавањето најчесто е ограничено на поединечни видови трошоци. Ова укажува дека целосната слика за финансиските аспекти на постапката жените најчесто ја стекнуваат дури во текот на нејзиното водење, а не пред нејзиното започнување.

*Табела 12. Дали знаеле со кои трошоци ќе се соочат*

| Причини | Број на жени кои водат/воделе | Број на жени кои ќе водат | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| Судски такси за тужба | 7 | 6 | 13 |
| Судски такси за жалба | 4 | 5 | 9 |
| Судски такси за одлука | 5 | 5 | 10 |
| За вештачење/супервештачење | 0 | 1 | 3 |
| За сите горенаведени (кумулативно) | 19 | 2 | 21 |
| Не знаев | 3 | 1 | 4 |

Сличен тренд се забележува и во однос на запознаеноста со висината на судските такси. Жените кои веќе ја воделе постапката значително почесто го знаат точниот износ на судските такси отколку оние кои допрва ќе ја водат. Највисоко ниво на запознаеност се забележува за судската такса за тужба и за судската одлука, додека познавањето на висината на судската такса за жалба е пониско. И овие податоци потврдуваат дека точните информации за судските такси жените најчесто ги стекнуваат во текот на постапката, а не пред нејзиното започнување.

*Табела 13. Запознаеност со висината на судските такси*

| Висина на судски такси за предлог, жалба и одлука | Судски такси за тужба (А) | | Судски такси за жалба (Б) | | Судски такси за одлука (В) | | Вкупно по категорија | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | А | Б | В |
| 480/960/480 | 26 | 7 | 17 | 3 | 24 | 6 | 33 | 20 | 30 |
| Не го знае точниот износ | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| Не знае | 3 | 3 | 12 | 6 | 5 | 4 | 6 | 18 | 9 |
| **ВКУПНО** | **29** | **10** | **29** | **10** | **29** | **10** | **39** | **39** | **39** |

За разлика од судските такси, кои се однапред утврдени и релативно познати, информираноста за дополнителните трошоци во постапката е значително пониска. Најизразено тоа се забележува кај трошоците за вештачење, кои претставуваат една од најмалку познатите категории судски трошоци. Повеќе од половина од жените не можат

да го проценат нивниот износ, иако токму овие трошоци можат значително да го зголемат вкупниот финансиски товар на постапката.

***Табела 14. Запознаеност со висината на трошоци за вештачење / супервештачење***

| Висина на трошоци за вештачење / супервештачење | Број на жени кои водат/воделе | Број на жени кои ќе водат | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| **Најмалку 8.000** | 2 | 0 | **2** |
| **До 10.000** | 8 | 1 | **9** |
| **До 15.000** | 4 | 1 | **5** |
| **До 30.000** | 0 | 1 | **1** |
| **Не знам** | 15 | 7 | **22** |
| **ВКУПНО** | **29** | **10** | **39** |

Слична е состојбата и во однос на адвокатските трошоци. Иако жените се свесни дека ангажирањето адвокат претставува дополнителен финансиски трошок, нивната информираност за неговата висина е ограничена, а дел од нив воопшто не можат да го проценат износот. Ова дополнително ја зголемува неизвесноста околу вкупниот финансиски товар што може да произлезе од постапката.

***Табела 15. Запознаеност со висината на трошоци за адвокатско застапување за едно рочиште***

| Висина на трошоци за адвокатско застапување | Број на жени кои водат/воделе |
|---|---|
| **До 6.000** | 8 |
| **До 7.000** | 5 |
| **До 8.000** | 3 |
| **Не знам** | 13 |
| **ВКУПНО** | **29** |

Покрај судските такси, вештачењето и адвокатските трошоци, жените можат да се соочат и со други дополнителни трошоци во текот на постапката. Иако тие не се јавуваат во секој предмет, нивното настанување дополнително го зголемува финансискиот товар и неизвесноста, особено кога се однесуваат на трошоци за достави, објавување огласи или надоместување на трошоците на спротивната страна.

*Табела 16. Дали биле задолжени со дополнителни судски трошоци*

| Вид на трошок | Број на жени кои водат/воделе |
|---|---|
| Судски оглас и адвокат на спротивната страна | 1 |
| Достава на судска покана | 1 |
| Достава на судска покана и други трошоци | 1 |
| За времена мерка | 1 |
| Други трошоци | 1 |
| Не биле задолжени | 24 |
| **ВКУПНО** | **29** |

Податоците покажуваат дека жените најчесто ги добиваат информациите за судските трошоци од граѓанските организации и адвокатите, додека улогата на судовите и другите институции е значително помала. Ова е особено значајно ако се има предвид дека најголемиот дел од жените целосната слика за судските трошоци ја стекнуваат дури во текот на постапката. Оттука, потребно е поактивно и навремено институционално информирање уште пред поведувањето на постапката, со цел жените да можат реално да ги согледаат финансиските последици од судскиот процес.

*Табела 17. Кои ги информира жените за судските трошоци*

| Вид на трошок | Жени кои водат/воделе |
|---|---|
| Суд | 0 |
| Институции | 1 |
| Граѓански организации | 24 |
| Адвокат | 5 |
| Роднини, пријатели | 9 |
| Друго, од претходно искуство во постапката | 2 |

## Ослободување од плаќање на судските трошоци

И покрај тоа што Законот за парнична постапка предвидува можност за ослободување од плаќање на судските трошоци, ова право ретко се користи во постапките за развод. Главните причини се недоволната информираност, перцепцијата дека жените не ги исполнуваат законските услови и ограничениот опфат на ослободувањето во практиката.

Анализата покажува дека голем дел од жените не се доволно запознаени со можноста да побараат ослободување од плаќање на судските трошоци. И во овој сегмент се забележува разлика помеѓу жените кои веќе ја воделе постапката и оние кои допрва ќе ја водат, при што претходното искуство придонесува за повисоко ниво на информираност. Сепак, и кај жените кои веќе ја поминале постапката значителен дел не знаеле дека можат да побараат ослободување од плаќање на трошоците.

***Табела 18. Дали знаеле за можноста да бидат ослободени од плаќање на трошоци***

| **Причини** | **Број на жени кои водат/воделе** | **Број на жени кои ќе водат** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|
| **Судски такси за тужба** | 11 | 2 | **13** |
| **Судски такси за жалба** | 9 | 2 | **11** |
| **Судски такси за одлука** | 9 | 2 | **11** |
| **За вештачење/супервештачење** | 0 | 0 | **0** |
| **За сите горенаведени** | 11 | 0 | **11** |
| **Не знаев** | 7 | 8 | **15** |

И покрај постоењето на законска можност за ослободување од плаќање на судските трошоци, ова право го користи мал број жени. Дополнително, и кога е поднесено барање, ослободувањето најчесто се однесува само на судските такси, додека останатите трошоци на постапката, особено трошоците за вештачење, остануваат на товар на жените.

***Табела 19. Дали поднеле или ќе поднесат барање за ослободување од трошоци***

| **Ќе поднесат барање за ослободување** | **Број на жени кои водат/воделе** | **Број на жени кои ќе водат** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|
| **Да** | 2 | 1 | 3 |
| **Не** | 26 | 4 | 28 |
| **Не се сеќавам** | 1 | 0 | 1 |
| **Не знам** | 0 | 5 | 5 |
| **ВКУПНО** | **29** | **10** | **37** |

Овие наоди покажуваат дека законската можност за ослободување од плаќање на судските трошоци не обезбедува доволна финансиска заштита во пракса. Недоволната информираност, ограниченото користење на правото и неговата тесна примена придонесуваат финансискиот товар од постапката и понатаму во најголем дел да го сносат самите жени.

## 4. Финансиски можности

**Иако судските такси најчесто не претставуваат најголем финансиски товар, финансиските можности на жените се значително поограничени кога станува збор за повисоките и непредвидливи трошоци на постапката, особено за вештачење и адвокатско застапување.**

Резултатите покажуваат дека жените најлесно можат да ги покријат основните судски такси, додека најголема неизвесност постои во однос на повисоките трошоци, особено за вештачење и адвокатско застапување. Значителен дел од жените не можат да проценат дали би биле во можност да ги надоместат овие трошоци, што дополнително ја зголемува финансиската неизвесност при поведувањето на постапката.

*Табела 20. Финансиски можности за надоместување на трошоците*

| Висина на судски трошоци судски такси за предлог, жалба и одлука | Судски такси за тужба (А) | | Судски такси за жалба (Б) | | Судски такси за одлука (В) | | Трошоци за вештачење /супервештачење | | Вкупно по категорија | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | А | Б | В | Г |
| **800/1600/800 (судски такси)** | 26 | 10 | 24 | 7 | 25 | 8 | / | / | 36 | 31 | 33 | / |
| **8.000 (1) 10.000 (2) 30.000 (1) (вештачење/ супервештачење)** | / | / | / | / | / | / | 4 | / | / | / | / | 4 |
| **Не можам да платам** | 2 | / | 3 | 1 | 2 | / | 10 | 2 | 2 | 4 | 2 | 12 |
| **Не можам да одредам** | 1 | / | 2 | 2 | 2 | 2 | 15 | 8 | 1 | 4 | 4 | 23 |
| **ВКУПНО** | **29** | **10** | **29** | **10** | **29** | **10** | **29** | **10** | **39** | **39** | **39** | **39** |

Финансискиот товар од постапката за развод не произлегува само од судските такси, туку пред сè од дополнителните и непредвидливи трошоци што можат да настанат во текот на постапката. За голем дел од жените токму овие трошоци претставуваат најголема пречка за пристап до судска заштита.

## 5. Судска практика при распределба на судските трошоци

Иако судовите најчесто одлучуваат секоја страна да ги сноси сопствените трошоци, анализата покажува дека распределбата на судските трошоци не секогаш ја одразува фактичката положба на жените што претрпеле семејно насилство. Особено проблематични се случаите во кои жените, и покрај тоа што ги оствариле своите суштински барања, се задолжуваат да ги сносат дел од трошоците на постапката.

Податоците покажуваат дека судовите во најголем број случаи определуваат секоја страна да ги сноси сопствените судски трошоци. Сепак, анализата укажува дека ова правило не секогаш обезбедува правична распределба на финансискиот товар, особено во постапките поврзани со семејното насилство.

Во дел од предметите, жените биле задолжени да ги надоместат трошоците на спротивната страна или да сносат дел од вкупните трошоци, иако ги добиле најзначајните барања во постапката, како што се разводот и доверувањето на децата. Причината најчесто е тоа што судот досудил понизок износ на издршка од бараниот, па жената формално се смета за делумно неуспешна во спорот. Ваквата примена на правилата за успех во постапката не ја зема предвид суштината на спорот, ниту специфичниот контекст на семејното насилство.

Дополнителен финансиски товар претставуваат и трошоците за адвокатско застапување и вештачење. Иако овие трошоци не се јавуваат во секој предмет, кога ќе бидат досудени тие можат значително да ги зголемат вкупните трошоци што жената треба да ги подмири. Тоа создава неизвесност уште при започнувањето на постапката, бидејќи жените тешко можат однапред да го проценат конечниот финансиски товар.

Овие околности имаат пошироко влијание врз пристапот до правда. Финансискиот ризик не произлегува само од судските такси, туку и од неизвесноста околу конечната распределба на трошоците. За жените што претрпеле семејно насилство, кои често се во неповолна економска положба, можноста по завршување на постапката да бидат задолжени да ги платат и сопствените и дел од трошоците на спротивната страна претставува дополнителна пречка за поведување и водење на судска постапка.

Анализата покажува дека распределбата на судските трошоци не секогаш ја одразува фактичката положба на жените што претрпеле семејно насилство. Поради тоа, потребно е судската практика, покрај формалниот успех во постапката, доследно да ги зема предвид економската состојба на странките и специфичниот контекст на семејното насилство при одлучувањето за судските трошоци.

***Табела 21. Распределба на судските трошоци***

| Вид на трошок | Број на жени кои водат/воделе |
|---|---|
| Само јас | 1 |
| Подеднакво со спротивната страна | 16 |
| Спротивната страна | 2 |
| Постапката не е завршена | 10 |
| Не се сеќавам | 0 |
| ВКУПНО | 29 |

### 6. Оценка на постапката

Покрај финансиските аспекти, анализата ја разгледува и перцепцијата на жените за судската постапка. Оценката за правичноста на постапката и нејзиниот исход, како и влијанието што постапката го има врз нивниот живот, претставуваат значајни показатели за тоа дали судската заштита ги исполнува своите цели. За да се согледа влијанието на непосредното искуство врз оваа перцепција, анализирани се одговорите на две групи жени, оние кои веќе ја воделе постапката и оние кои допрва ќе ја водат. Кај првата група се оценува реалното искуство со постапката, а кај втората очекувањата од нејзиниот тек и исход.

***Табела 22. Оценка на постапката од жените кои ја воделе***

| Аспекти за оценување | Стрес | Фер исход | Исходот ја надоместил штетата | Исходот вреди во однос на потрошени средства, време, стрес и др. | Негативно влијание на постапката врз животот на жените |
|---|---|---|---|---|---|
| Многу мала мера | / | / | 2 | / | 1 |
| Малку | 1 | / | / | / | / |
| Средно | 7 | 5 | 2 | 3 | 9 |
| Многу | 17 | 10 | / | 13 | 10 |
| Многу голема мера | 4 | 4 | / | 4 | 3 |
| Не можам да одредат | / | 10 | 25 | 9 | 6 |
| ВКУПНО | 29 | 29 | 29 | 29 | 29 |

Резултатите покажуваат дека постапката за развод претставува една од најстресните судски постапки со кои се соочуваат жените што претрпеле семејно насилство. За најголем дел од нив, разводот не е само правна процедура, туку процес што означува конечно излегување од насилната заедница, прекинување на долгогодишни семејни односи и неизвесност во однос на идниот живот и грижата за децата. Оттука, високото ниво на стрес не произлегува само од судската постапка, туку и од личните и семејните последици што таа ги носи.

И покрај тоа што најголемиот дел од жените ја оценуваат постапката како фер, нивните оценки за исходот се повоздржани. Ова укажува дека правичноста на судската постапка не секогаш се поистоветува со чувството дека правдата е целосно постигната. Особено е забележливо дека дел од жените сметаат дека конечниот исход не ја надоместил штетата што ја претрпеле, иако формално ги оствариле своите основни барања.

Ова особено се поврзува со одлуките за издршка и распределбата на судските трошоци. Во случаи кога судот определил понизок износ на издршка од побараниот или ги задолжил жените да сносат дел од судските трошоци, нивната перцепција за правичноста на исходот е пониска. На тој начин, формалниот успех во постапката не секогаш се доживува како целосна правна и лична сатисфакција.

И покрај високото ниво на стрес и финансискиот товар, најголем дел од жените сметаат дека поведувањето на постапката било оправдано. За нив, разводот претставува неопходен чекор за воспоставување безбедност, правно регулирање на односите со децата и создавање услови за самостоен живот без насилство. Ова покажува дека вредноста на постапката не се оценува само преку нејзиниот исход, туку и преку можноста да се прекине насилната заедница и да се обезбеди нов почеток.

***Табела 23. Очекувања од жените кои ќе водат постапка***

| Аспекти за оценување | Фер судска постапка | Фер исход | Исходот ја надоместил штетата |
|---|---|---|---|
| **Многу мала мера** | / | / | / |
| **Малку** | / | / | / |
| **Средно** | 1 | 1 | / |
| **Многу** | 6 | 7 | 6 |
| **Многу голема мера** | 1 | 1 | 2 |
| **Не можат да одредат** | 2 | 1 | 2 |
| **ВКУПНО** | **10** | **10** | **10** |

Споредбата помеѓу жените кои веќе ја поминале постапката и оние кои допрва ќе ја водат покажува јасен јаз помеѓу очекувањата и реалното искуство. Жените без лично искуство имаат повисоки очекувања за фер постапка, фер исход и целосна судска заштита, додека искуството на оние кои веќе ја поминале постапката е поумерено. Тоа укажува дека непосредното соочување со должината на постапката, финансиските обврски, неизвесноста и емоционалниот товар постепено ја менува перцепцијата за способноста на судскиот систем целосно да ги заштити нивните права.

## 5.3. Постапка за издршка

### 1. Карактер на постапката и бесплатна правна помош

Постапката за издршка најчесто се води како самостојна постапка од страна на жените кои бараат зголемување на издршката, најчесто поради возраста и зголемените потреби на децата. За разлика од бракоразводната постапка, оваа постапка директно се однесува на економската сигурност на децата и финансиската стабилност на мајката.

Во анализата се опфатени 10 жени:

- 8 жени ќе ја водат постапката во иднина,
- 1 жена ја водела постапката претходно,
- 1 жена сѐ уште ја води постапката.

И покрај тоа што Законот за бесплатна правна помош овозможува користење на секундарна правна помош и во постапките за издршка, ниту една од испитаничките не го искористила ова право. Ова упатува дека и кај оваа постапка товарот од водењето на постапката најчесто останува на самите жени.

### 2. Финансиски аспекти на постапката

**Иако судските такси во постапката за издршка не се високи, жените не се доволно запознаени со нивната висина, а правото на ослободување од плаќање ретко се користи. Финансискиот товар не произлегува толку од висината на судските такси, колку од економската состојба во која жените ја поведуваат постапката.**

Жените генерално знаат дека во постапката се плаќаат судски такси, но нивната запознаеност со точниот износ е ограничена. Најголем дел од оние кои допрва ќе ја водат постапката не можат точно да ја проценат висината на судските такси, што покажува дека и кај оваа постапка знаењето за финансиските аспекти најчесто се стекнува во текот на нејзиното водење.

*Табела 24. Запознаеност со висината на судските такси*

| Висина на судски такси за предлог, жалба и одлука | Судски такси за тужба (А) | | Судски такси за жалба (Б) | | Судски такси за одлука (В) | | Вкупно по категорија | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | А | Б | В |
| **800/1600/800** | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | **4** | **4** | **5** |
| **Не го знае точниот износ** | / | 6 | / | 4 | / | 5 | **6** | **4** | **5** |
| **Не знае** | / | / | / | 2 | / | / | **/** | **2** | **/** |
| **ВКУПНО** | **2** | **8** | **2** | **8** | **2** | **8** | **10** | **10** | **10** |

Иако поголемиот дел од жените знаат дека постои можност за ослободување од плаќање на судските трошоци, информираноста не е целосна. Дел од жените не знаат дека вакво право постои, а кај дел постои и погрешна перцепција дека не ги исполнуваат условите за негово користење. И покрај постоењето на законската можност, ниту една од испитаничките не поднела барање за ослободување од плаќање на судските трошоци, а дел од нив не можат да проценат дали би го користеле ова право. Најчеста причина е перцепцијата дека не ги исполнуваат законските услови, особено поради формална вработеност.

*Табела 25. Дали знаеле за можноста да бидат ослободени од плаќање на трошоци*

| Причини | Број на жени кои водат/воделе | Број на жени кои ќе водат | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| **Судски такси за тужба** | / | / | / |
| **Судски такси за жалба** | / | / | / |
| **Судски такси за одлука** | / | / | / |
| **За сите горенаведени** | 2 | 5 | 7 |
| **Не знаев** | / | 3 | 3 |
| **ВКУПНО** | **2** | **8** | **10** |

Основните судски такси не претставуваат сериозна финансиска пречка за ниту една од испитаничките. Сепак, постапката најчесто се поведува во услови на веќе постоечка економска ранливост, бидејќи нејзината цел е обезбедување повисока издршка поради недоволноста на постојниот износ. Во такви услови, и релативно ниските судски трошоци претставуваат дополнителен финансиски товар.

*Табела 26. Финансиски можности за плаќање  на судските такси*

| Финансиски можности за плаќање за предлог, жалба и одлука | Судски такси за предлог (А) | | Судски такси за жалба (Б) | | Судски такси за одлука (В) | | Вкупно по категорија | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | А | Б | В |
| 800/1600/800 | 2 | 3 | 2 | 3 | 2 | 3 | 5 | 5 | 5 |
| Повисок или понизок износ | / | 5 | / | 5 | / | 5 | 5 | 5 | 5 |
| Не можам да платам | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Не можам да одредам | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **ВКУПНО** | **2** | **8** | **2** | **8** | **2** | **8** | **10** | **10** | **10** |

Анализата покажува дека кај постапката за издршка основните судски такси не се главната пречка за пристап до судска заштита. Сепак, ограничената информираност за нивната висина, реткото користење на правото на ослободување од плаќање и економската ранливост во која жените ја поведуваат постапката влијаат врз нивната финансиска сигурност.

### 3. Оценка на постапката

Покрај финансиските аспекти, анализата ја разгледува и перцепцијата на жените за судската постапка. Оценката за правичноста на постапката и нејзиниот исход, како и влијанието што постапката го има врз нивниот живот, претставуваат значајни показатели за тоа дали судската заштита ги исполнува своите цели. За да се согледа влијанието на непосредното искуство врз оваа перцепција, анализирани се одговорите на две групи жени, оние кои веќе ја воделе постапката и оние кои допрва ќе ја водат. Кај првата група се оценува реалното искуство со постапката, а кај втората очекувањата од нејзиниот тек и исход.

*Табела 27. Оценка на постапката од жените кои ја воделе*

| Аспекти за оценување | Стрес | Фер исход | Исходот ја надоместил штетата | Исходот вреди во однос на потрошени средства, време, стрес и др. | Негативно влијание на постапката врз животот на жените |
|---|---|---|---|---|---|
| Многу мала мера | / | / | / | / | / |
| Малку | / | / | / | / | / |
| Средно | / | / | / | / | / |
| Многу | 1 | / | / | 1 | / |
| Многу голема мера | 1 | 1 | / | 1 | 1 |
| Не можам да одредат | / | 1 | 2 | / | 1 |
| **ВКУПНО** | **2** | **2** | **2** | **2** | **2** |

Иако примерокот е мал, резултатите покажуваат дека постапката за издршка се доживува како високо стресна, и покрај тоа што директно не е поврзана со заштита од насилството. Стресот произлегува од неизвесноста околу исходот и фактот дека постапката е директно поврзана со обезбедувањето средства за издршка на децата.

За разлика од бракоразводната постапка, жените кои допрва ќе ја водат постапката имаат умерени, а не високи очекувања во однос на фер исходот и можноста постапката да придонесе за подобрување на нивната економска состојба. Ова укажува дека тие уште пред започнувањето на постапката имаат ограничена доверба во нејзината способност да обезбеди целосна правна и економска заштита.

Искуството на жените кои веќе ја поминале постапката, иако се заснова на мал примерок, го потврдува истиот тренд. Постапката се оценува како неопходна, но истовремено како емоционално исцрпувачка, а исходот не секогаш се доживува како целосно правичен или доволен за надминување на економските последици што ги носи недоволната издршка.

*Табела 28. Очекувања од жените кои ќе водат постапка*

| Аспекти за оценување | Фер судска постапка | Фер исход | Исходот ја надоместил штетата |
|---|---|---|---|
| **Многу мала мера** | / | / | 1 |
| **Малку** | 2 | 5 | 2 |
| **Средно** | 5 | 2 | 3 |
| **Многу** | 1 | 1 | 1 |
| **Многу голема мера** | / | / | / |
| **Не можат да одредат** | / | / | 1 |
| **ВКУПНО** | **8** | **8** | **8** |

Постапката за издршка претставува значаен механизам за обезбедување економска сигурност на децата. Иако судските такси не претставуваат главна финансиска пречка, ограничената информираност, реткото користење на законските механизми за финансиско олеснување и умерената доверба во исходот укажуваат дека жените ја доживуваат оваа постапка како неопходна, но неизвесна и психолошки оптоварувачка.

## 5.4. Постапка за старателство

### 1. Карактер на постапката и значење за жените

Постапката за старателство има клучно значење за регулирањето на родителските права и заштитата на интересите на децата. Иако станува збор за постапка со значително влијание врз животот на жените и нивните деца, ниту една од испитаничките не користела секундарна правна помош.

Постапката за определување на старателство претставува клучна семејно-правна постапка со која се уредуваат родителските права и обврски во однос на малолетните деца. Во анализираните случаи најчесто станува збор за жени кои живееле во вонбрачна заедница (6 од 7), како и за една постапка за измена на претходно донесена судска одлука за старателство. За разлика од бракоразводната постапка, во овие случаи старателството претставува самостојна судска постапка.

Во анализата се опфатени 7 жени:

- 2 жени ја воделе или ја водат постапката;
- 5 жени допрва ќе ја водат постапката.

И покрај тоа што Законот за бесплатна правна помош овозможува користење на секундарна правна помош и во оваа постапка, ниту една од испитаничките не го искористила ова право. Ова укажува дека и постапките за старателство најчесто се водат без користење на механизмите што треба да го олеснат пристапот до правда.

## 2. Финансиски аспекти на постапката

Жените генерално се добро информирани за судските такси во постапката за старателство, но значително помалку за дополнителните трошоци, особено за вештачење и адвокатско застапување. Иако основните судски такси не претставуваат сериозна финансиска пречка, дополнителните трошоци создаваат значителна неизвесност.

Податоците покажуваат дека најголемиот дел од жените биле запознаени со видовите судски трошоци што може да настанат во текот на постапката. Поголемиот дел ги препознаваат сите основни судски такси, додека трошоците за вештачење значително поретко се препознаваат како можен финансиски товар.

*Табела 29. Дали знаеле со кои трошоци ќе се соочат*

| Причини | Број на жени кои водат/воделе | Број на жени кои ќе водат | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| **Судски такси за тужба** | / | 2 | **2** |
| **Судски такси за жалба** | / | 1 | **1** |
| **Судски такси за одлука** | / | 1 | **1** |
| **За вештачење/супервештачење** | / | / | **/** |
| **За сите горенаведени** | 2 | 3 | **5** |
| **Не знаев** | / | / | **/** |

Високо е и нивото на запознаеност со висината на судските такси. Најголемиот дел од жените го знаат точниот износ на судските такси за тужба, жалба и судска одлука, што укажува дека кај оваа постапка постои подобра информираност отколку кај постапките за развод и издршка.

*Табела 30. Запознаеност со висината на судските такси*

| Висина на судски такси за предлог, жалба и одлука | Судски такси за тужба (А) | | Судски такси за жалба (Б) | | Судски такси за одлука (В) | | Вкупно по категорија | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | А | Б | В |
| **800/1600/800** | 2 | 4 | 2 | 3 | 2 | 3 | 6 | 5 | 5 |
| **Не го знае точниот износ** | / | 1 | / | 1 | / | 1 | 1 | 1 | 1 |
| **Не знае** | / | / | / | 1 | / | 1 | / | 1 | 1 |
| **ВКУПНО** | 2 | 5 | 2 | 5 | 2 | 5 | 7 | 7 | 7 |

За разлика од основните судски такси, информираноста за трошоците за вештачење е значително понеизвесна. Иако жените се свесни дека овие трошоци можат да бидат високи, нивните проценки значително се разликуваат, што укажува дека немаат јасна претстава за нивниот реален износ и за финансискиот ризик што го носат.

*Табела 31. Запознаеност со висината на трошоци завештачење / супервештачење*

| Висина на трошоци за вештачење/супервештачење | Број на жени кои водат/воделе | Број на жени кои ќе водат | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| **Најмалку 8.000** | 1 | 1 | 2 |
| **До 10.000** | / | 1 | 1 |
| **До 15.000** | 1 | 1 | 2 |
| **Над 15.000** | / | 1 | 1 |
| **Не знам** | / | 1 | 1 |
| **ВКУПНО** | **2** | **5** | **7** |

Слична е состојбата и со адвокатските трошоци. Жените имаат ограничени информации за нивната висина, што дополнително ја зголемува неизвесноста околу вкупниот финансиски товар на постапката.

### 3. Ослободување од плаќање на судските трошоци

Иако речиси сите жени знаат дека постои можност за ослободување од плаќање на судските трошоци, ова право во практика речиси не се користи, односно постои јаз помеѓу законската можност за ослободување од судските трошоци и нејзината практична примена.

Најголемиот дел од жените се запознаени со можноста да побараат ослободување од плаќање на судските трошоци. Сепак, оваа информираност не резултира со користење на правото во практика. Имено, ниту една од испитаничките не поднела барање за ослободување од плаќање на судските трошоци. Како и кај другите постапки, најчеста причина е перцепцијата дека не ги исполнуваат законските услови поради формална вработеност.

*Табела 32. Дали знаеле за можноста да бидат ослободени од плаќање на трошоци*

| Причини | Број на жени кои водат/воделе | Број на жени кои ќе водат | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| **Судски такси за тужба** | / | 1 | **1** |
| **Судски такси за жалба** | / | / | **/** |
| **Судски такси за одлука** | / | / | **/** |
| **За сите горенаведени** | 2 | 4 | **6** |
| **Не знаев** | / | 1 | **1** |

### 4. Финансиски можности

Основните судски такси најчесто не претставуваат сериозна финансиска пречка, но финансиските можности на жените се значително поограничени кога станува збор за трошоците за вештачење и адвокатско застапување.

Податоците покажуваат дека најголемиот дел од жените можат да ги покријат судските такси за поведување на постапката. Сепак, финансиските можности значително се намалуваат кога станува збор за повисоките и непредвидливи трошоци.

*Табела 33. Финансиски можности за плаќање на судските такси*

| Финансиски можности за плаќање за предлог, жалба и одлука | Судски такси за предлог (А) | | Судски такси за жалба (Б) | | Судски такси за одлука (В) | | Вкупно по категорија | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | А | Б | В |
| **800/1600/800** | 2 | 5 | 2 | 5 | 2 | 4 | 7 | 7 | 6 |
| **Повисок или понизок износ** | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Не можам да платам** | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Не можам да одредам** | / | / | / | / | / | 1 | / | / | 1 |
| **ВКУПНО** | **2** | **5** | **2** | **5** | **2** | **5** | **7** | **7** | **7** |

Иако основните судски такси не претставуваат главна финансиска бариера, ограничените можности за покривање на трошоците за вештачење и адвокатско застапување можат значително да го отежнат водењето на постапката.

### 5. Оценка на постапката

Покрај финансиските аспекти, анализата ја разгледува и перцепцијата на жените за судската постапка. Оценката за правичноста на постапката и нејзиниот исход, како и влијанието што постапката го има врз нивниот живот, претставуваат значајни показатели за тоа дали судската заштита ги исполнува своите цели. За да се согледа влијанието на непосредното искуство врз оваа перцепција, анализирани се одговорите на две групи жени – оние кои веќе ја воделе постапката и оние кои допрва ќе ја водат. Кај првата група се оценува реалното искуство со постапката, а кај втората очекувањата од нејзиниот тек и исход.

Иако примерокот е мал, резултатите покажуваат дека постапката за старателство се доживува како високо стресна, но истовремено и како неопходна за регулирање на родителските права и обезбедување правна сигурност за децата. Стресот не произлегува само од судската постапка, туку и од неизвесноста околу конечната одлука за старателството и нејзиното влијание врз идниот живот на децата.

Жените кои веќе ја воделе постапката даваат повнимателни оценки за правичноста на исходот и неговото влијание врз нивниот живот, додека оние кои допрва ќе ја водат имаат претежно позитивни очекувања. Во споредба со постапката за издршка, кај постапката за старателство се забележува повисоко ниво на доверба во судската заштита, иако кај дел од жените сѐ уште постои неизвесност во однос на конечниот исход.

Постапката за старателство претставува клучен механизам за регулирање на родителските права и заштита на интересите на децата. Иако основните судски такси не претставуваат значителна финансиска пречка, дополнителните трошоци и психолошкиот товар ја прават оваа постапка сложена. Жените ја доживуваат како неопходна, а нивните очекувања од судската заштита се поизразени отколку кај постапката за издршка.

## ЦЕНАТА НА ПРАВДАТА:

## ВЛИЈАНИЕТО НА СУДСКИТЕ ТРОШОЦИ И БЕСПЛАТНАТА ПРАВНА ПОМОШ ВРЗ ПРИСТАПОТ ДО ПРАВДА НА ЖЕНИТЕ ШТО ПРЕТРПЕЛЕ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

ESE